Влада на Република Северна Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**

**П Р И Л О Г**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за правда |
| Назив на предлогот на закон: | Предлог Закон за медијација |
| Одговорно лице и контакт информации: | Радица Лазаревска Геровска 3 116-648 лок.252 |
| Вид на Извештај: | ☐Нацрт<br>☒Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☒ Годишна програма за работа на Владата на Република Северна Македонија<br>☐ НПАА<br>☐ Заклучок на Владата на Република Северна Македонија<br>☐Друго ______________ |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ: | Да |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации: | ☐Да<br>☒Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | 15.10.2018 |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | 2021 |

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### 1.1 Опис на состојбите

Со Законот за медијација („Службен весник на Република Македонија" бр. 188/13, 148/15, 192/15 и 55/16) се пропишани одредби чија цел беше поуспешна примена и зголемувањето на квалитетот на медијацијата. За прв пат се воведе спроведување на испит за медијатори за лицата со завршени обуки, како и процес за издавање на лиценца за медијатор на лицата со положен испит за проверка на теоретските познавања и практичните вештини на медијаторите пред Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата. Во однос на Комората на медијатори, се пропиша изборот и надлежностите на органите на Комората со цел да се надминат констатираните слабости. Се пропиша обврска на Министерството за правда за водење на Регистар за евиденција на постапките за медијација со цел да се следи динамиката и успешноста на постапките за медијација, а во правец на генерирање соодветни податоци кои би овозможиле анализа на состојбите како неопходност за согледивање проблеми и креирање на соодветни решенија. Заради развој на медијацијата се воведе субвенционирање на дел од трошоците на медијацијата од страна на државата. Воедно во насока на развој и поддршка на медијацијата Владата се задолжи да донесува Програма со мерки и средства за поддршка на медијацијата за период од најмалку 4 години. Посебни програми за развој на медијацијата се обврска и за Судскиот совет на РМ и Врховниот суд на РМ. Со законот се востанови Одбор за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работата на медијацијата, избран од страна на Владата во чиј состав се претставници на повеќе институции, што требаше да придонесе за меѓуресорски пристап во медијацијата а заради зголемување на квалитетот на медијацијата. Меѓутоа со примената на законот се покажаа слабости во делот на електронското спроведување на испитот како сложен процес поради што се укажа потреба да се напушти ваквиот концепт и да се воведе полагање на испит за медијатор пред Испитна комисија формирана од министерот за правда. Во делот на Регистарот за евиденција на постапките за медијација се покажа дека постои неусогласеност на податоците и дека бројот на постапките запишани во Регистарот кој се води во Министерството за правда не одговара со бројот на постапките запишани во индивидуалните регистри на медијаторите поради што се воведува централен електронски регистар. Се менува стасусот на владиното тело надлежно за следење на квалитетот на медјацијата и се уредува составот, надлежноста и начинот на работењето на Националниот совет како правно лице со свој буџет. Во насока на поддршка на медијацијата се пропишува дека Владата на РСМ носи програма за развој на медијацијата, во која се определуваат мерки за поддршка и развој на медијацијата и финансиски средства за реализација на програмата од Буџетот на Република Северна Македонија и се пропишува дека Судскиот совет носи посебна програма за поддршка на медијацијата. Новите решенија што ги нуди новиот текст на Законот за медијација, како и доуредените одредби од постојниот закон, ќе ја зајакнат довербата во употребата на медијацијата во

нашата држава, со што таа ќе го обезбеди заслуженото место во општеството, а од друга страна ќе се зајакне правната сигурност на граѓанинот и ќе му се овозможи на многу побрз и сигурен начин, да ги оствари своите права и интереси.

### 1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување

Медијацијата во Република Македонија е воведена од 2006 година, но нејзината примена се уште е на многу ниско ниво. Донесениот нов Закон за медијација во 2013 година не ги донесе очекуваните резултати во однос на неговата успешна примена, така што нефункционалниот концепт на медијација останува како забелешка која се провлекува со години наназад во прогрес-извештајот на Европската Комисија.Сложениот и несоодветен испит за медијатори влијаеше на малиот број на лиценцирани медиајтори, поради што доцнеше и процесот на формирањето на Комората на лиценцираните медијатори. Одборот за медијација имаше проблем во неговата фукнционалалност и извршување на обврските и надлежностите утврдени со законот. Медијацијата не е доволно промовирана и унапредена иако заради развој и подршка на медијацијата во законот е предвидено дека Владата на РМ донесува Програма со мерки и средства за поддршка на медијацијата за период од најмалку 4 години а посебни програми донесуваат и Судскиот совет на РМ и Врховниот суд на РМ, додека пак Академијата за судии и јавни обвинители е пасивна за организирање обуки за медијацијата и арбитражата.Бројот на пријавени и запишани предмети во регистарот за евиденција на постапките на медијација кој го води Министерството за правда не се совпаѓа со бројот на запишани предмети во поединечните регистри на медијаторите, а ваквата состојба се должи на недореченостите на Законот во однос на обврската на медијаторите за пријавување на предметите до министерството и различните толкувања. Свеста за предностите на медијацијата останува се уште ниска и треба да се работи на нејзино натамошно јакнење.

## 2. Цели на предлог регулативата

Со предлог Законот за медијација се пропишуваат одредби кои имаат за цел да се постигне функционален и успешен концепт на медијацијата кој успешно ќе функционира во праксата, преку уредување постапката за медијација, регулирање на трошоците и наградата на медијаторите, дефинирање на постапката за спроведување испит за медијатори пред Комисија, обезбедување на поддршка и развој на медијацијата подобрување на организацијата на Комората на медијатори, усогласување на водењето на евиденцијата за постапките на медијацијата која се води во Министерството за правда, дефинирање на составот и надлежностите на Националниот совет за медијација како тело именувано од Владата задолжен да ги следи и оценува и контролира активностите на полето на медијацијата, со свој Буџет одобрен од Владата.

## 3. Можни решенија (опции)

3.1 Опис на решението „не прави ништо“

Доколку Владата на Република Македонија не го предложи Предлог-Законот за медијација заради надминување на горенаведените проблеми, може да доведе до нефункционален систем на медијацијата со што ќе се доведе во прашање функционирањето на медијацијата во нашата држава.

3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот

Усвојување на Предлог- Законот за медиајција со што ќе се отстранат воочените слабости на законот и ќе се создадат услови за негова успешна примена.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:

4.1 Економски влијанија

Со предложените измени во насока на унапредување на примената на медијацијата како поекономичен начин на решавање на спорови помеѓу физичките како и на правните лица во постапките пред медијатор ќе се постигнат позитивни економски ефекти и ќе се влијае на нивната конкурентност и задржување на добрите деловни односи.

4.2 Фискални влијанија -нема

4.3 Социјални влијанија -нема

4.4 Влијанија врз животната средина-нема

4.5 Административни влијанија и трошоци – нема

а) трошоци за спроведување -нема

б) трошоци за почитување на регулативата -нема

## 5. Консултации

5.1 Засегнати страни и начин на вклучување

Формирана е меѓуресорска работна група за изготвување на Предлог Законот за медијација со учество на невладиниот сектор и тоа од: Комора на медијатори на РСМ, Институт за европска политика, Одбор за обезбедување,следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата и учесници од Министерството за правда кои ја управуваат работата на работната група.

5.2 Преглед на добиените и вградените мислења

Во предлог законот се вградени предлозите од работната група во која беа вклучени различни институции и невладиниот сектор.

5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто

/

## 6. Заклучоци и препорачано решение

Предложените решенија се во насока на надминување на негативните влијанија и слабости на постојните одредби поради што од истите се очекуваат позитивни влијанија во делот на работењето на медијаторите, ефикасна заштита на правата и интересите на физичките и правните лица, поради што се препорачува да се усвои предложениот Закон за медијација.

### 6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)

Предложените законски решениија се во насока на надминување на недостатоците на законот и преку нив ќе се влијае позитивно на примената на Законот за медијација.

### 6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)

Доколку не се прифатат понудените решенија останувaа да се применува постојниот закон и нема да се унапреди неговата примена ниту ќе се надминат покажаните слабости од неговата примена во праксата.

### 6.3 Препорачано решение со образложение

Со усвојување на Предлог-Законот за медијација, ќе се овозможи уредување на постапката за медијација, и создавање на квалитетен и успешен модел на медијацијата, ќе се надминат слабостите во делот на електоронското полагање на испит за медијатор, ќе се уреди функционирањето на Комората на медијатори и Националниот совет за медијација, ќе се усогласи водењето на евиденцијата на постапките за медијација, и преку новите законски решенија ќе се влијае на унапредување на целиот концепт на медијацијата воопшто. Со Предлог на Законот за медијација се креира поинаков систем на медијација во Република Македонија, систем кој ќе се темели на обезбедување, следење и оценување квалитетот на работите на медијацијата, што е неопходност со оглед на подготвеноста на Владата да ја помогне и унапреди медијацијата што како неминовност ја наметнува потребата да се креира систем кој ќе може да одговори на новите задолженија и општествени потреби. Новиот состав на Националниот совет за медијација како тело именувано од Владата, со големи надлежности за работите од областа на медијацијата и со свој Буџет одобрен од Владата покажува дека се создадени предуслови за успешно функцинирање на Националниот совет кој е задолжен да ги следи и оценува и контролира активностите на полето на медијацијата. Спроведувањето на испитот за медијација составен од два дела теоретски и практичен пред Испитна комисија составена од 5 члена именувана од министерот за правда, ќе допринесе кон продуцирање на квалитетен, стручен и обучен кадар кој успешно ќе ги извршува работите од областа на медијацијата. Субвенционирањето на дел од трошоците на медијацијата од страна на државата ќе

придонесе кон унапредување и развивање на медијацијата. Разработени се условите за акредитација на програми за обука на медијатори, видовите на акредитирани програми и времетраењето на обуките и тоа основна обука на медијатори во траење на 70 часа, обука на медијатори во специфични области во траење од 32 часа и обука на обучувачи на медијатори во траење од 32 часа, како и кругот на лицата кои можат да аплицираат за акредитација на програмата за обука на медијатори, што е многу значајно во однос на постоечкиот закон во кој воопшто не беше уредено ова прашање. Новиот начин на водење на Електронски Регистар за примени барања за медијација со цел следење на започнатите постапки за медијација и реализирање на правото на субвенции за медијаторите, ќе биде показател на реалната примена на медијацијата во пракса и успешноста на коцептот на медијацијата во нашата држава и насоката во која треба да се работи за нејзин понатамошен развој и унапредување.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

### 7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области

Измена и дополнување на Законот за парничната постапка и Законот за облигацини односи.

### 7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување

Подзаконските акти утврдени со Предлог Законот за медијација ќе бидат донесени во рок од 3 месеци по влегувањето во сила на Законот.

### 7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување

Министерство за правда, Комора на медијатори на Република Северна Македонија, медијатори, Национален совет за медиајција, Влада на Република Северна Македонија, Судски совет, судови

### 7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон

Советувања во организација на Комора на медијатори на Република Северна Македонија

## 8. Следење и евалуација

### 8.1 Начин на следење на спроведувањето

Спроведувањето на законот ќе го следи Министерството за правда преку евиденција на бројот на кандидати кои го положиле испитот за медијатор, бројот на лиценцирани медијатори, евиденцијата за бројот на постапките за медијација, следење на ефектите од програмите за поддршка на медијацијата.

8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови

Евалуацијата ќе се врши по пат на собирање и анализа на податоците за постапките за медијација како и евалуација од страна на Националниот совет за медијацијата.

| Изјава од министерот |
| --- |
| Врз основа на резултатите од анализите прикажани во Извештајот за проценка на влијанието на регулативата сметам дека препорачаното решение (опција) претставува најдобар начин за решавање на проблемот и постигнување на очекуваните ефекти на најекономичен начин. |
| Датум: 27. 04. 2021 ........................ потпис на министерот |